# КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Бр. 01-72/1
Скопје, 30.01.2026

ДО:
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Во согласност со член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики и Заклучокот од 57 седница на Владата на РС Македонија донесен на 23 март 2021 година, а врз основа на Решение (наш арх. бр. 03-62/1 од 28. 01. 2026) за определување одговорно лица за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) во својство на назначен Службеник за млади го поднесувам следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИТЕ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) и во текот на 2025 година активно ги следеше сите прашања од интерес на младите во рамките на делокругот на своите надлежности.

# КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Идеите, размислувањата и потребите на младите кои се насочени кон унапредување на младинските политики во нашата држава, кои беа аресирани до нашата институција, добиваат сестрана поддршка и конкретна помош за реализација на истите.Во таа насока службеникот за млади при Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, советникот Петар Петковски одржуваше редовна комуникација со студентите на Православниот богословски факултет, како и со студентите од Факултетот за исламски науки, Филозофскиот факултет и останатите факултети во државата.

Покрај востановената комуникација со младински групи на регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи, во текот на изминатата 2025 година Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи оствари реализираше неколку проекти за млади луѓе.

1 – Панел дискусија „Младост, ум и депресија"

Во рамки на активностите насочени кон унапредување на менталното здравје и психосоцијалната благосостојба на младите, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, во соработка со Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, Факултетот за исламски науки и Меѓународниот славјански универзитет „Св. Николај" – Свети Николе, на ден 27. 02. 2025 година организираше панел-дискусија на тема „Младост, ум и депресија". Со реализацијата на овој настан, КОВЗРГ даде конкретен придонес во креирањето простор за дијалог, едукација и меѓуинституционална соработка во областа на младинските политики, со посебен акцент на менталното здравје како едно од клучните прашања од интерес за младите.

**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

2 – Прием на учесниците на Православната летна школа кај Архиепископот Охридски и Македонски, г. г. Стефан

На иницијатива на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, на ден 29. 07. 2025 година, во Македонската православна архиепископија во Скопје, Неговото Блаженство г.г. Стефан, Архиепископ Охридски и Македонски, ги прими учесниците и организаторите на Православната летна школа, која по трет пат се одржа во периодот од 20 до 27 јули 2025 година, во организација на хуманитарната организација „Свети Нектариј Битолски“, со поддршка на Обединетата македонска дијаспора и волонтери од земјата и дијаспората. Со оваа активност, Комисијата даде поддршка на иницијативи насочени кон духовното, културното и идентитетско јакнење на младите, особено на младите од дијаспората придонесувајќи ко́н нивно поврзување со духовното и културното наследство.

3 – Неформална средба на младите од верските заедници и верските лидери „Едно поинакво кафе“

На 10.10.2025 година, во Клубот на пратениците во Скопје, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ја реализираше активноста „Едно поинакво кафе“, како подготвителна активност за планираните активности во 2026 година, во рамки на проектот „Градиме мостови“. Настанот имаше неформален карактер и ги обедини верските лидери, младите и претставници на академската заедница, со цел поттикнување на дијалог, доверба и меѓусебно разбирање. Посебен придонес дадоа младите учесници – студенти и млади претставници од различни верски заедници, кои активно се вклучија во разговорите и изразија интерес за продолжување на вакви средби. Со реализацијата на оваа активност, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи продолжи со својата мисија за унапредување на меѓуверскиот дијалог и градење култура на толеранција и соживот,

со особен акцент на вклученоста на младите во процесите на меѓусебно запознавање и соработка.

4 – Панел дискусија на тема „Улогата на религијата во мултикултурното општество"

На 16.12.2025 година, во амфитеатарот на Факултетот за исламски науки во Скопје, се одржа панел-дискусија на тема „Улогата на религијата во мултикултурното општество", во заедничка организација на Факултетот за исламски науки, Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи и Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје. Настанот беше насочен кон унапредување на академскиот и меѓурелигискиот дијалог, со посебен акцент на улогата на религијата во градењето соживот, меѓусебно разбирање и почитување на различностите во мултикултурното општество. Во панел-дискусијата учествуваа универзитетски професори и истражувачи од областа на теологијата и општествените науки, а активна вклученост имаа и студентите преку отворена дискусија и прашања. Со реализацијата на оваа активност, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи даде придонес во јакнењето на институционалната соработка со високообразовните установи и во поттикнувањето на младите да учествуваат во процесите на меѓурелигиски дијалог, толеранција и општествена кохезија.

Паралелно со спроведувањето на програмските активности, службеникот за млади при Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, советникот Петар Петковски активно учествуваше во процесот на креирање на Акцискиот план 2026–2027 година, преку учество на повеќе работилници и работни средби организирани од Министерството за социјална политика, демографија и млади, со поддршка на УНДП. Учеството опфати приоритетни области Култура и Младинско учество, при што беа разработувани мерки, активности, временски

**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

рамки, одговорни институции и показатели за резултати. Посебен придонес беше даден преку застапување на инклузивен пристап во младинските политики, со вклучување на младите од верските заедници и религиозните групи, како и преку предложени иницијативи насочени кон поврзување на младите, духовните вредности и општествената одговорност.

Остануваме посветени во развојот на младинските потенцијали и во текот на 2025 година продолжуваме со активности во делокругот на младите.

*Со почит,*

Директор
Оливера Трајковска

подготвил: советник Петар Петковски,
службеник за млади при КОВЗРГ